РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12 - 1467/7
03.06 г./v. 2020

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, а во врска со член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 43/20) постапувајќи по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија) на 30-та седница, на продолжението одржано на ден 21 Мај 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријава бр. 12 - 1467/1 од 02.03.2020 година, доставена до Државната комисија од познат подносител, со наводи за незаконитости и прекршувања на забраните од член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик во периодот по донесување на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од 16.02.2020 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија нема елементи за натамошно надлежно постапување по пријавата бр. 12- 1467/1 од 02.03.2020 година.

Предметот со број 12- 1467 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12 - 1467 од 2020 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 1467/1 од 02.03.2020 година, доставена до Државната комисија од познат подносител – физичко лице со наводи за прекршувања на забраните од член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик во период на изборен процес, односно во периодот по донесување на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од 16.02.2020 година од аспект на забраната за започнување на постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, односно на определеното со закон ставање во мирување на започнатите постапки за престанок на работен однос во државни и јавни институции, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Имено, во пријавата се наведува дека пред --------------------------------------- на Република

Северна Македонија е покрената и се води постапка по поднесен Предлог за покренување на дисциплинска постапка бр. --------------------- од ---------- година на Директорот на ----------------- по кој предлог, лицето ----------------- во својство на Претседателот на Дисциплинската комисија при ---------------- преземало конкретни дејствија - закажување на рочиште пред Дисциплинската комисија за ден -------------.2020 година и достава на Покана бр. ----------------- од -------------.2020 година , лично на рака на државниот службеник против кого е поднесен предлогот за покренување дисциплинска постапка - во периодот по донесување на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од 16.02.2020 година.

По разгледување на наводите од пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека преземањето на конкретни дејствија во рамки на дисциплинска постапка кон вработени во државните и јавните институции претставува дејствие за кое постои веројатност дека може да води кон прекршување на одредбите од членот 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик и воедно претставува своедвиден суптилен притисок на вработените во државните и јавните институции во изборниот процес. Оттаму, со цел да се превенира евентуално преземање на дејствија односно изрекување на мерки кои би можеле да доведат до прекршување на посочените законски одредби и на забраните кои се со нив пропишани Државната комисија за спречување на корупцијата до ----------------------------------- на Република Северна Македонија (----------) - Претседател на дисциплинска комисија и Директор на ----------------------- достави укажување за ставање во мирување на поведената дисциплинска постапка по поднесениот Предлог бр. ----------------- од -------------------- година за утврдување на дисциплинска одговорност на државниот службеник кој е подносител на пријавата до Државната комисија - во фазата во која постапката се наоѓала на ден 16.02.2020 година, како ден на донесување на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, се до завршување на изборниот процес на предвремените парламентарни избори 2020 година, по однос на што беше побарана повратна информација за постапувањето на --------------------- како работодавач.

Врз основа на доставеното Укажување, како е погоре наведено, ------------------------------------ до Државната комисија достави писмено – Известување бр. -------------------- од ------------------- година и бр. -------------------- од -------------------, со образложение и прилог документација од кои Државната комисија констатира дека предметното укажување е/било примено во ----------------- на ден ---------------.2020 година, а дека на приемот на истото му претходеле дејствија во дициплинската постапка, вклучително и донесување на Решение за изрекување дисциплинска мерка број --------------------------- со кое е изречена дисциплинска мерка – парична казна ----------------------- во траење од --------------------. ------------------------ со доставеното писмено известување појасни дека се работи за дисциплинска постапка за дисциплински престап за неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи сторен со дејствието – ----------------------------------, дека ----------------------------- како работодавач и Претседателот на дисциплинската комисија, односно Дисциплинската комисија во целина постапиле согласно дејствијата и во рокови кои се предвидени и се во согласност со Законот за административни службеници – во конкретниот случај за сторениот дисциплински престап по член --------------------------од ЗАС. Воедно ---------------------------, преку писменото известување нагласува дека Иницијативата за покренување предлог за дисциплинската

постапка спрема подносителот на пријавата датира од ----------------2020 година, а Предлогот за покренување на дисциплинска постапка од ----------------2020 година, како и дека дејствијата во постапката се преземани во услови на непримено укажување од ДКСК, односно дека постапката завршила со донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка – еден ден пред прием на Укажувањето - на ден -------------------.2020 година.

По извршена анализа на сите факти и околности, вклучително и на информацијата дека --------------------------------, како работодавач, против подносителот на пријавата нема изречено мерка престанок на работниот однос, а подносителот како лице против кое е изречена дисциплинска мерка – парична казна ------------------------- во траење од ----------------------- има право и може да користи правни средства против донесената одлука, во целината на овој пријавен случај Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 21 Мај 2020 година под бр. 12- 1467/7**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Нколовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Изработил : Христина Мишевска, Советник